**Обраќање на МО Владо Мисајловски – Собир со вработени по повод Денот на Армијата**
17.08.2026 – Плато пред МО/ГШ

Почитуван началник на Генералштабот, генерал-мајор Лафчиски,
почитуван заменик министер за одбрана Шабани,
почитуван заменик началник на Генералштабот, генерал-мајор Нуредин,
почитувана државен секретар, Чуповска – Ристова,
почитувани генерали, офицери, подофицери, војници и цивилни лица во Армијата,
почитувани вработени во Министерството за одбрана и Генералштабот на Армијата,

Во пресрет на утрешниот ден, роденденот на македонската Армија, сакам најнајпред да ви се заблагодарам, за вашиот труд, за вашата посветеност и професионалност која ја покажувате секојдневно и која ни овозможува да бидеме една од најорганизираните институции во државата.

Ова го велам затоа што пред мене го гледам производот на нашата заедничка работа. Активностите течат без застој, развојот е видлив и препознаен, а сето тоа е резултат на работа и она што вие го давате за одбраната и безбедноста на Македонија.
За сите нас, за Македонија, успехот ќе ни биде загарантиран само ако продолжиме посветено да работиме, да продолжиме да функционираме како едно големо семејство кое го обединува заедничка цел: Македонија да продолжи да се развива и да изградиме подобра држава за следните поколенија.

Тоа што најмногу ме радува е дека сите досега постигнати успеси – сета пристигната опрема за македонските припадници, интензивните зафати на армиските објекти, сето тоа е препознаено и од македонските граѓани. Тоа значи дека граѓаните се интересираат за процесите кои ги водиме тука во нашиот дом, но и дека ние знаеме како да им ја доближиме Армијата која ја чувствуваат како своја и како силен гарант за безбедноста.

Но, во оваа прилика нема да говорам многу за успесите кои заедно ги постигнавме. Вам тие ви се познати зашто секој од вас на некој начин и во некој сегмент е поврзан со нив.

Денеска ви се обраќам токму вам, не само да ви се заблагодарам, туку и да ви порачам дека ќе продолжиме да го вреднуваме вашиот труд и токму затоа сакам да нагласам дека работиме и на повисоки плати и подобри услови за работа. Одиме напред со силен исчекор затоа што сето тоа е заслужено!

Минавме низ многу процеси заедно, а уште поважно е што кон секој предизвик пристапувавме од исто стојалиште, од иста перспектива – се поддржувавме во секој момент и за доброто на секој војник, подофицер, офицер и вработен во одбраната, и носиме одлуки кои ќе нè направат посилни.

На самиот крај, сакам да истакнам дека продолжуваме со уште позасилено темпо да ја развиваме Армијата – со уште повеќе набавки на секаков вид опрема, со силни инвестиции во објектите и инфраструктурата на Армијата, со повеќе вежби и обуки и со целосно почитување на сите ваши права.

Македонија е горда што овој колектив пред мене е столбот кој ја држи одбраната силна, а безбедноста – цврста.

На крајот сакам да се заблагодарам на началникот, на заменикот, на сите колеги, директорите, сите вработени, на сите вас во Армијата што секојдневно додавате сè од себе за да бидеме најдобра и најсилна институција. Ве замолувам да продолжиме уште посилно и со поголем интензитет, бидејќи македонските граѓани заслужуваат да имаме најдобра Армија. Благодарам на сите, да ни биде вечен роденденот на Армијата, да сте сите живи и здрави.

Ви благодарам.